**УДК 908(497.7)(049.3)**

# de Munck Victor C., Ljupcho Risteski (eds). Macedonia – the political, social, economic and cultural foundations of a Balkan state, London: L.B. Tauris & Co Ltd, 2013. ISBN 978 1 84885 936 4

*„Македонија – политички, социјални, економски и културни основи на една балканска земја"*, чии уредници се Виктор де Мунк и Љупчо Ристески, е збирка објавена во 2013 година, која содржи дванаесет текстови што се поткрепени со различни емпириски модели на истражување, направени во временскиот период од 2007 до 2011 година. Нивната артикулација и евалуација имаат тенденција да се отргнат од уште една анализа на „македонското прашање" и концептот на држава-нација, што изгледа прилично комплексно, а да се посветат на мултикултурната, етничката разноликост и моменталното секојдневие на луѓето во Македонија. Главниот фокус на етнографските истражувања се „обичните луѓе" и како тие се соочуваат со економските непогоди, екологијата и загадувањата, нивната корелација со себството и идеологизираните други, во случајов тоа е Западна Европа, или со веќе присутните и другите етнички заедници, религијата, просторот, полот, па дури и со интернационалната политика и европската интеграција.

Веднаш по листата на авторите што придонеле за содржината на оваа збирка, се наоѓа воведот, напишан од страна на уредниците, во кој подетално се објаснети и наведени прашањата, областите што ги обработуваат текстовите по следниот принцип: конкретизирање на истражувањето, методот што е употребен, преглед на областа на истражување, негова анализа и сумирање на заклучоците. Вака поставениот вовед ни пружа адекватно организирана подготовка за она со кое ќе се сретнеме во понатамошниот текст. Во оваа книга можев да се сретнам и директно да ја воочам разликата на пристапот и методологијата на истражувачите и нивните истражувања. Во поголем дел од текстовите е застапено истражување со директно учество, а дел се потркепени со детални етнографски прикази со силна изразеност на емска перспектива и рефлексивност, анализа и историски пристапи, интерпретативен – постмодерен пристап и конфузен и проблематичен квантитативно-систематски пристап на истражување.

И покрај тоа што целта на оваа книга не е да се опфатат аспектите на „македонското прашање", тоа не изостанува, но ниту доминира. Виктор Фридман во првиот текст опишува личен настан, односно промоцијата на грчко-македонскиот речник изработен од Васко Караџа, која се одржала на 2 јуни 2009 година во Атина од страна на издавачката куќа „Зора", и директниот напад со кој се соочил тој и останатите учесници. По воведниот дел, во транскрибирана форма е приложен говорот на авторот, а веќе во следниот дел дескриптивно е претставен вандалскиот упад на група приврзаници на неонацистичката партија „Chrysi Avgi" (Златна зора), обидот за директен напад, заканувања и одземањето на приложениот примерок од речникот. Понатаму прави една компаративно-историска анализа на македонскиот национализам и грчкиот национализам, на нивното влијание и радикалност, за на крај да донесе, помалку експлицитна, констатација дека Македонија станува светлата точка на мултикултурализмот и демократијата на Балканот. Отсечната дефинираност на содржи-

ната ме носи до размислувања за мотивот на овој текст (директниот напад) и колкаво е неговото влијание.

Различни аспекти на идентитетот, директно или индиректно, се обработени во повеќе поглавја. Илка Тисен зборува за проблематичноста на европските граници и како тие влијаат во дефинирањето на конкретни идентитети. Истражувањето се одвива во Скопје, а нејзини соговорници се група жени, електротехничар(к)и во периодот од 1988 до 2007 година, период проследен со „идентитет во изградба“. Го разгледува менувањето на личниот идентитет од микроперспектива и поставува една компаративна анализа на третирањето на европскиот идентитет во 1990 година и денес. Во европската конструкција на границите, но не во смисла на физички ентитети, туку границите што ја подразбираат инклузивноста и ексклузивноста, Европа се перципира како центар на цивилизацијата и модерноста, додека Југославија се перципира како дел од Источниот блок и како нецивилизирана, „заостаната“, со што се создава директна аверзија што влијае врз формирањето на идентитетот.

Од друга страна, Даворин Трпески се посветува на национализмот, конструкцијата и создавањето на хегемонија преку митологизирање на културниот простор и употребата на културното наследство. Користејќи архивски и етнографски материјали, тој повеќе се осврнува кон теорискиот аспект на национализмот, користејќи ги за примери деветминутната телевизиска реклама, емитувана на македонската радио-телевизиска програма во 2008 година под името „Македонска молитва“, проектот „Следење на азбуката и јазикот на античките Македонци“, кој се однесува на каменот од Розета, и бурушаскиот јазик и нивното изедначување со македонскиот јазик и неговото потекло. Национализмот е прикажан како производ на елитата, гледана од политички или културен аспект, додека проблематичноста е во тоа како луѓето го прифаќаат.

Националниот идентитет во корелација со религијата, во случајот православната религија, фузијата перципирана како еквивалент (идентитет = религија и vice versa) е предмет на истражување на Виолета Дуклевска Шуберт. Таа се служи со дескриптивно-историска анализа преку која го следи развојот на јазикот, религијата и нејзиното институционализирање како неразделив дел во конструирањето на националниот идентитет и компаративно покажува како религијата и културата се идеолошки и културно испреплетени во секојдневниот живот. Понатаму, преку нејзиното теренско истражување посветено на категоријата „стари беќари“ во село близу Битола, се служи со една паралела помеѓу традиционалноста и модерноста, каде што ги забележува влијанијата на православната црква во приватниот живот, која искажува загриженост за недостигот на светиот статус на бракот и за абортусот. Ваквата поставеност директно ја тангира важноста на репродукцијата, а од друга страна се издига загрозениот идентитет на „старите беќари“, кои не го исполнуваат основниот постулат за формирање на семејство и од таа причина личниот идентитет цврсто го врзуваат со црквата и државата.

Поттикнати од темите на религија, етничност и малцинства, Галина Остинова-Степановиќ и Шајна Плот се фокусираат на различни сегменти од животот на Ромите, додека Бурку Акан Елис се посветува на турското малцинство. Остинова-Степановиќ приложува богат етнографски текст од теренското истражување помеѓу членовите на дервишко теќе во Македонија од 2009–2010 година. Таа се посветува на стереотипите со кои се соочуваат Ромите кога станува збор за пренесување на религиски догми и наоѓањето на „вистинскиот пат“ до исламската мистичност и нејзи-

ните реформи во поново време, кои се идентификуваат со образование и теоретска подготвеност на шејхот повеќе отколку традиционалното усно пренесување. Шајна Плот пак ја истражува маргинализацијата на оваа група, недостигот на можност за едукација, стереотипи, невработеност и недостиг на институционализирана посветеност на оваа група. Бурку Акан Елис ги презентира мултикултурните проблеми и етнички конфликти помеѓу етничките групи и маргинализацијата на турското население, промените што настанале со иселувањето на турското население од Македонија во Турција помеѓу 1953 и 1968 година и како тоа се рефлектира на идентитетот.

Анастасија Каракасиду и Џонатан Шварц истражуваат прашања поврзани со животната средина и екологијата. Каракасиду е поттикната од теренските белешки направени во 1980-тите години во Маврорахи, Грција, кои илустрирале промени на односот кон животната средина, односно потрошувачката и намалувањето на достапната вода, загадувањето на водата, технологијата што се применувала при производство и одговорноста, а настанале во името на модернизацијата. Нејзината етнографија презентира ретроспективна опсервација на водата, воздухот, огнот и земјата. На грчко-албанско-македонската граница Шварц го анализира намалувањето на нивото на вода во Преспанското Езеро и квалитетот на водата. Неговото истражување се засновува на компаративен метод на истражување, кое временски, не континуирано, се протега од 1977 до 2011 година. Она што може да се забележи кај Каракасиду и Шварц е тенденцијата за активистички антрополошки истражувања, кои целат да придонесат кон поттикнување или олеснување за воспоставување на промени.

Со оглед на пристапот на истражување и методологијата, како и сумирањето на заклучоците, дополнително и повнимателно треба да биде разгледан текстот на Виктор де Мунк и Јозеф Малдов посветен на меѓуетничките разлики помеѓу Македонците и Албанците, односно идентитетските граници што ја создаваат диверзијата, карактеристиките со кои се здобиваат едните на сметка на другите и конкретните разлики меѓу „нас“ и „другите“. Тие се потпираат на позитивистички пристап и користат модел на структурирано интервју од кое на крајот е направена статистичка анализа. Она што е дискутабилно е ваквиот пристап на истражување за прашање што самото по себе е многу деликатно. Истражувањето е направено во центарот на Скопје. Од соговорниците било побарано писмено, или во некои случаи усно, да ја надополнат личната перцепција за својата етничка заедница, а потоа и за другата, односно „Македонците се____“ и обратно, така што на овој начин се разграничени четири перспективи. Напишаните карактеристики подоцна се извлечени и уредени во табела со четири колони, а при наидување на синоними или зборови што имаат иста тенденција на значење бил извлекуван еден збор. Последната етапа, можеби и најпроблематичната, е сместување на овие зборови во мултидимензионален шаблон поделен на четири параметри, општествено добри, општествено лоши, успех и неуспех. Оваа поделба е направена така што овие термини, преведени на англиски јазик, ги распределиле американски учесници во истражувањето за да се постигне поголема објективност и независност при одлучувањето, притоа занемарувајќи го различниот културен и лингвистички концепт на истражуваната група. Идентично конфузна состојба, за која сметам дека изискува дополнителни опсервации, се среќава и во текстот на Виктор де Мунк и Даворин Трпески, кои имаат за цел да го истражуваат концептуализирањето и поделбата на полот, односно како Македонците го концептуализираат полот и како тој социокултурно се рефлектира. За таа цел е искористен

веќе постоен публикуван метод на истражување применет во Шри Ланка и САД во 2002 година. На почетокот на текстот сегментивно се извлечени ставови што го покриваат ова прашање, а се веќе сретнати во некои од претходните текстови, посветени на различни теми во ова издание. Дискутабилна е поставеноста на патријархалноста како еден коцепт на културна универзалност од којашто тргнува самото истражување и перципирањето на овој концепт како најтипичен во дуализам со помалку типичната еднаквост. Вака направеното идентификување на половата поделба како поврзана со патријархалноста на самиот почеток не создава можност концептуализирањето да биде разгледувано независно од неа, што понатаму отвора многу други прашања. Учесниците се од различен пол, од различна етничка, национална припадност, луѓе од рурални или урбани средини, кои писмено одговарале на низа прашања. Покрај дел од податоците што тие требало да ги напишат, како полот, годините, националноста, брачниот статус, дадено е објаснување како треба да се спроведе одговарањето, а тоа е со заокружување дали одредена карактеристика, дејство, чувство е идентификувачко за мажите, жените или подеднакво. („Кој е физички поатрактивен пол? Кој е пољубоморен? Кој ги сака децата повеќе? Кој се грижи повеќе за децата?“) Она што сакам да го нагласам е изјаснувањето во продолжение дека, и покрај разбирањето што тие го имаат за тенденцијата повеќе прашања да бидат одговорени како „подеднакво“ застапени, тоа треба да се избегне и да се даде општествено објективна реалност. Сметам дека ваквата поставеност на почетокот подоцна директно влијае на соговорникот и на концептот на одговорот и неговата прецизност. По одговарањето на прашањето е оставен простор писмено да дадат кратко образложување за својот одговор. Собраните податоци минуваат низ низа статистички анализи врз основа на кои се донесуваат заклучоци. Меѓу другото, ова истражување треба и компаративно да придонесе за меѓукултурно истражување врз основа на добиените податоци од истражувањата направени во Шри Ланка и САД, што пак остава простор за многу прашања во поглед на успешноста на ова истражување. Ваквиот вид на истражувања, според авторите, треба да придонесат за нивно аплицирање во антрополошките истражувања, кои ќе дадат подетална и попрецизна анализа.

Повикувајќи се на историско-материјалистичкиот метод на Валтер Бенџамин, Розита Димова прави анализа на просторот и архитектурата, нивна репрезентација на различни идеологии во Куманово и открива како тие влијаат во секојдневната реалност на луѓето и во формирањето на нивните гледишта за „другите“. Се осврнува на креирањето и уредувањето на просторот во градот преку религијата, класата и етничноста. Од овој текст се заклучува дека, во мултикултурен простор како Куманово, колку повеќе се зголемуваат границите на поделба помеѓу Македонците и Албанците, толку повеќе се меѓусебно испреплетени во доменот на социјалниот простор што претставува контрадикција за концептот нација-држава.

Сумирано, оваа збирка од истражувања изнесува различни аспекти на Македонија, кои се однеуваат на моменталната состојба и секојдневието во едно мултикултурно општество на една балканска земја. Го задржува вниманието со успешноста во врамувањето на мултикултурните врски помеѓу различни етнички групи во Македонија, на влијанието на концептот за „идентитет“, идеологија, поттикнува нови размислувања и отвора нови прашања на кои дополнително треба да им се посвети внимание.

**Ангела Здравковска (Македонија)**
**Институт за етнологија и антропологија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**
**е-маил: zdravkovska_angela@yahoo.com**